РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам,архитектура,
Градежништво и заштита на животната средина
број:11-821/3 од 03.11.2026год.
(постапка бр.84448)

Градоначалникот на Општина Гевгелија, решавајќи по барањето на ЕВН Македонија АД Скопје, поднесено преку информацискиот систем е-урбанизам (постапка бр.84448), поднесено под бр.11-821/1 од 26.10.2026год. за одобрување на Проектна програма, врз основа на член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 и 212/26), го издава следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Се одобрува **Проектна програма** за изработка на Урбанистички проект вон опфат за Новопланиран СН 10(20)kV подземен кабелски вод од кабелска спојница до новопланирана трафостаница КБТС 10(20)/0,4 kV на КП 3705 во КО Богородица, општина Гевгелија, изработена од ТДПТУ ,,Њу Вижен,, доо Охрид од 10/2026год..

О б р а з л о ж е н и е

Барателот ЕВН Македонија АД Скопје ЕМБС 5933773, КЕЦ Гевгелија со седиште на ул.,,7-ми Ноември,, бр.53 од Гевгелија, поднесе барање за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат за Новопланиран СН 10(20)kV подземен кабелски вод од кабелска спојница до новопланирана трафостаница КБТС 10(20)/0,4 kV на КП 3705 во КО Богородица, општина Гевгелија, изработена од ТДПТУ ,,Њу Вижен,, доо Охрид од 10/2026год.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

- Полномошно од ДПТУ ,,Електро Дизајн,, дооел Охрид, заверено на Нотар под број УЗП 10900/26 од 17.06.2026год. (pdf формат);
- Проектна програма заизработка на Урбанистички проект вон опфат за Новопланиран СН 10(20)kV подземен кабелски вод од кабелска спојница до новопланирана трафостаница КБТС 10(20)/0,4 kV на КП 3705 во КО Богородица, општина Гевгелија од 10/2026год. изработена од ТДПТУ ,,Њу Вижен,, доо Охрид;
- Услови за планирање на просторот со намена водови за пренос на електрична енергија-трафостаница КБТС 10(20)/0,4 kV на КП 3705 во КО Богородица, општина Гевгелија, издадени од Агенцијата за планирање на просторот (pdf формат);
- Решение за услови за планирање на просторот Арх.бр.15-2886/2 од 16.09.2026год. (pdf формат);

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 08-1049/1 од 31.07.2026год., по разгледување на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог одобрување со бр.11-821/2 од 29.10.2026год. даден од Комисија за урбанизам.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 и 212/26).

Врз основа на горе изнесеното Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Андон Сарамандов,

Andon Saramandov

Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2026.11.06 15:04:54 +01'00'